Filip Jovcheski, PhD[1]

UDC: 343.126.1:347.963(497.7)"2018/2023"

# ZBATIMI I MASËS SË PARABURGIMIT NË ZONAT E KATËR PROKURORIVE TË LARTA PUBLIKE NË RMV PËR PERIUDHËN 2018-2023

# ПРИМЕНА НА МЕРКА ПРИТВОР ВО ПОДРАЧЈАТА НА ЧЕТИРИТЕ ВИШИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО РСМ ЗА ПЕРИОД 2018-2023 ГОДИНА

# APPLICATION OF DETENTION MEASURES IN THE AREAS OF THE FOUR HIGHER PUBLIC PROSECUTOR'S OFFICES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA FOR THE PERIOD 2018-2023

**Abstract**

The topic of this paper is "Application of the measure of detention in the areas of the four higher public prosecutor's offices in the Republic of Macedonia for the period 2018-2023". First, the paper defines the term detention, its basic characteristics and emphasizes the importance of detention because it directly infringes on the constitutionally guaranteed rights and freedoms of citizens. The essence of detention in domestic legislation and international law is described. Through data obtained from the official website of the Public Prosecutor's Office of the Republic of North Macedonia the application of the measure of detention by the basic public prosecutor's offices in the areas of the four higher public prosecutor's offices and the basic public prosecutor's office for the prosecution of organized crime and corruption in the Republic of Macedonia for the period 2018-2023 was analyzed through tables and graphs. Through the analysis of data from the official website of the Public Prosecutor's Office, it is concluded that the measure of detention is not used that often, which is contrary to the portrayal in the media. It is concluded that the imposition of the measure of detention in 2018 was the

[1] PhD in Criminal Law, University "Ss. Cyril and Methodius", Faculty of Law "Iustinianus Primus" - Skopje.

least common, so that in 2023 that number will increase. The movement of the detention measure by the Public Prosecutor's Office for the Criminal Procedure Code for the period 2018-2023 was also analyzed separately, where it was found that the number of detention measures imposed compared to 2018 to 2023 has increased.

***Keywords:*** *detention, sentence, defendant, criminal procedure, prison.*

## Вовед

Притворот е едно од најделикатните мерки со која директно се навлегува во уставно загарантираните права и слободи на граѓаните и поради тоа е кремата на уставно ниво-ранг.

Притворот може да се примени само кога интересите на кривичната постапка не може да се заштитат со некоја друга поблага мерка. Притворот не е казна и не смее да се третира како казна, има цел да го обезбеди присуството на обвинетиот во кривичната постапка и да оневозможи попречување на докажувањето, како и да ги обезбеди граѓаните од нови кривични дела на обвинетиот. Во поново време ставот кон притворот во домашното законодавство но и во законодавството во светот битно е променет односно се намалуваат случаите на облигаторен притвор, што пред се е во согласност со МПГПП, кој предвидува дека притворање на лица кои очекуваат судење не смее да биде општо правило (член 9 став 3 од МПГПП), се ограничува за некои категории (како на пример за деца) се хуманизира постапката кон притворениците и се воспоставуваат голем број уставни и други гаранции мерката притвор да не се користи освен во случаи каде е нужно потребно. Треба да се напомене дека македонскиот Устав од 1991 година како и ЗКП од 1997 па до денес го следат примерот на најнапредни правни системи.[2]

## 1. Поим и дефиниција

Мерката притвор е најтешката мерка за обезбедување непречен тек на кривичната постапка, со која се обезбедува присуството на осомниченото или на обвинетото лице, се спречува да влијае врз доказите и воопшто врз истрагата и се оневозможува лицето да стори ново кривично дело пред да биде изречена санкцијата. Според македонското законодавство се прави разлика помеѓу основи на сомнение што е доволно за полициско лишување од слобода, додека основано сомнение е потребно за определување на притвор. Упатно е да се напомене дека со

[2] Латежиќ-Бужаровска Г., Калајџиев, Г., Мисоски, Б., Илиќ-Димоски Д., (2015) - „Казнено процесно право“, Скопје, стр.172.

изрекување на притворот, на определено лице не му се задира само во слободата на движење, туку како последица на нејзиното ограничување се допира во правото на приватност, економските права, како што е правото на работа и заработување, како и ограничување на личните и семејни контакти, права во кои не се задира до тој степен со ограничувањето на слободата како резултат на затворска казна изречена со правосилна пресуда.[3] Треба да се има предвид и дополнително влијанието кои притворот ги има врз психичкото здравје на обвинетото лице, како влијаат на начинот на кој судот го перцепира обвинетиот како личност, што може исто така да влијае врз мислењето и конечната одлука на судот.

## 2. Притворот во меѓународното право

Како што е горе наведено мерката притвор е еден од видовите на лишување од слобода, па така притворот претставува навлегување во правото на слобода што општеството го третира како неопходно зло. Неколку акти од меѓународното право дефинираат кои форми на лишување од слобода и притвор се сметаат за оправдани и допуштени и под кои услови и ги санкционираат апсењата и притварањата што не ги прифаќа новото демократско општество.

Нормирањето на притворот на меѓународен план има неколку цели:

- Поставување критериуми за законско притворање и;
- Во негови рамки, поставување лимити за негово прифатливо ограничување од гледна точка на стандардите на меѓународната заедница.

Најважните извори на меѓународното право кои директно и индиректно се однесуваат на лишувањето од слобода се:

- Општата декларација за правата на човекот од 1948 година;
- Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права од 1966 година;
- Конвенцијата на ООН против тортура, грубо, нехумано и понижувачко постапување и казнување од 1987 година;
- Основните начела за заштита на сите лица лишени од слобода или затворени во која и да е форма од 1988 година;
- Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи од 1950 година и;
- Конвенцијата за спречување на тортурен и нечовечко и понижувачко однесување од 1989 година.

[3] Латежиќ-Бужаровска Г., Калајџиев, Г ., Мисоски, Б., Илиќ-Димоски Д., (2015) - „Казнено процесно право“, Скопје, стр.173.

### 3. Притворот во домашното право

Уставот на Република Северна Македонија прокламира дека слободата на човекот е неприкосновена и дека никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и со постапка утврдена со закон.[4] Тргнувајќи од вака поставените уставни начела, Законот за кривична постапка ја разработува и ја прецизира постапката за примена на оваа мерка. Пред се тој содржи општи начела според кои притворот може да се определи само под условите предвидени во законот, времетраењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време, должност е на сите органи во постапката и на органите што им укажуваат правна помош да постапуваат со итност ако се наоѓа обвинетиот во притвор и дека во текот на целата постапка мерката притвор ќе биде укината веднаш по престанувањето на причините врз чија основа бил определен истиот.[5]

### 4. Примена на мерката притвор од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и на основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во РСМ за период 2018-2023 година

#### *4.1. Примена на мерката притвор во 2018 година*

**Табела 1. Времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства за 2018 година**

| | Вкупно | 30 дена | 60 дена | 90 дена | Над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 184 | 65 | 46 | 28 | 45 |
| ВЈО Битола | 55 | 20 | 31 | 4 | / |
| ВЈО Гостивар | 75 | 28 | 10 | 36 | 1 |
| ВЈО Штип | 36 | 18 | 9 | 9 | / |
| ОЈО за ГОКК | 107 | 19 | 15 | 21 | 52 |
| Вкупно | 457 | 150 | 111 | 98 | 98 |

Мерката притвор во 2018 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства е применета против 457 лице. Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека мерката притвор против 150 лица била со времетраење

[4] Види: https://www.mfa.gov.mk/mk/page/487/ustav-na-republika-severna-makedonija

[5] Член 164 став 2 и став 4 од Законот за кривична постапка на Република Северна Македонија

до 30 дена, против 111 лица била со времетраење до 60 дена, против 98 лица била со времетраење до 90 дена и против 98 лица мерката притвор траела над 90 дена.[6] Треба да се напомене дека основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 107 лица на кои им бил определен притвор, куќен притвор против 4 лица и други мерки на претпазливост против 17 лица.

Табела 1 може да се претстави и преку графикон и би изгледала вака:




Графички приказ на процент на учество на вкупниот број на одредена мерка притвор од ОЈО за ГОКК во вкупниот број на новопријавени лица за 2018 година би изгледало вака:




Од графиконот може да се забележи дека процентот на одредена мерка притвор од ОЈО за ГОКК во вкупниот број на новопријавени лица е 0,33% што претставува мал процент односно број.

### *4.2. Примена на мерката притвор во 2019 година*

Примената на мерка притвор за 2019 година може да се претстави преку табела:

[6] Види: https://jorm.gov.mk

**Табела 2. Времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства за 2019 година**

| | Вкупно | 30 дена | 60 дена | 90 дена | Над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 225 | 104 | 33 | 39 | 47 |
| ВЈО Битола | 101 | 47 | 22 | 20 | 12 |
| ВЈО Гостивар | 70 | 16 | 23 | 14 | 17 |
| ВЈО Штип | 27 | 12 | 2 | 13 | / |
| ОЈО за ГОКК | 108 | 51 | 12 | 19 | 26 |
| Вкупно | 531 | 230 | 92 | 105 | 102 |

На подрачјето на вишото јавно обвинителство Скопје по предлог на основните обвинителства мерката притвор била определена против 225 лица што во однос на 184 во 2018 година е зголемување за 41 лице. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола оваа мерка била определена против 101 лице, што во однос на 57 лица во 2018 година е зголемување за 44 лица. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајниот период притвор е определен против 70 лица, што во однос на 104 лица во 2018 година претставува намалување за 34 лица. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, мерката притвор била определена против 27 лица, што во однос на 36 лица во 2018 година е намалување за 9 лица.

Поодделно по подрачјата на вишите јавни обвинителства, состојбата со примената на овој вид на мерка преку графички приказ за 2019 година би изгледала вака:




Графичкиот приказ на вкупниот број на применета мерка притвор за 2019 година во вкупниот број на новопријавени лица би изгледал вака:




Примена на мерката притвор мерката притвор во 2019 година е применета против 531 лице. Ако се земе предвид дека во текот на 2019 година обвинителствата постапувале против вкупно новопријавени 19.078 лица, се заклучува дека за само 2.78 % од сторителите е побарана оваа мерка.

Графичкиот приказ на процентот на учество на вкупниот број изречена мерка притвор од ОЈО за ГОКК во вкупниот број на новопријавени лица за 2019 година би изгледал вака:




Од графиконот видно е дека вкупниот број на изречена мерка притвор бележи многу мал процент 0,56% во вкупниот број на новопријавени лица за 2019 година.

### *4.3. Примена на мерката притвор во 2020 година*

Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека мерката притвор против 230 лица била со времетраење до 30 дена, против 92 лица била со времетраење до 60 дена, против 105 лица била со времетраење до 90 дена и против 102 лица мерката притвор траела над 90 дена. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 108 лица на кои им бил определен притвор, куќен притвор против 6 лица и други мерки на претпазливост против 15 лица.

**Табела 3. Времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства за 2020 година**

| | Вкупно | 30 дена | 60 дена | 90 дена | Над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 168 | 35 | 62 | 30 | 41 |
| ВЈО Битола | 88 | 37 | 9 | 33 | 9 |
| ВЈО Гостивар | 66 | 31 | 11 | 13 | 11 |
| ВЈО Штип | 25 | 7 | 5 | 8 | 5 |
| ОЈО за ГОКК | 101 | 19 | 20 | 18 | 44 |
| Вкупно | 448 | 129 | 107 | 102 | 110 |

Примена на мерката притвор мерката притвор во 2020 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е применета против 448 лице. Ако се земе предвид дека во текот на 2020 година обвинителствата постапуваа против вкупно новопријавени 22.717 лица, се заклучува дека за само 2 % од сторителите е побарана оваа мерка. Примената на мерката притвор, обвинителството ја користи согласно закон, кога е единствен начин за обезбедување на натамошното непречено одвивање на кривичната постапка. Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека мерката притвор против 129 лица била со времетраење до 30 дена, против 107 лица била со времетраење до 60 дена, против 102 лица била со времетраење до 90 дена и против 110 лица мерката притвор траела над 90 дена. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 101 лице на кои им бил определен притвор, куќен притвор против 4 лица и други мерки на претпазливост против 15 лица.

Поодделно по подрачјата на вишите јавни обвинителства, состојбата со примената на овој вид на мерка е следна:



Графичкиот приказ на процентот на учество на вкупниот број изречена мерка притвор од ОЈО за ГОКК во вкупниот број на новопријавени лица за 2020 година би изгледал вака:

Од наведениот графикон може да се забележи дека бројот на изречени притвори во вкупниот број на новопријавени лица е доста мал односно 0,44%.




### *4.4. Примена на мерката притвор во 2021 година*

**Табела 4. Времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства за 2021 година**

| | Вкупно | 30 дена | 60 дена | 90 дена | Над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 213 | 60 | 51 | 44 | 58 |
| ВЈО Битола | 69 | 35 | 3 | 18 | 13 |
| ВЈО Гостивар | 90 | 41 | 9 | 25 | 15 |
| ВЈО Штип | 33 | 7 | 11 | 15 | / |
| ОЈО ГОКК | 113 | 20 | 11 | 16 | 66 |
| ОЈО за ГОКК СО | 10 | 9 | / | 1 | / |
| Вкупно | 528 | 172 | 85 | 119 | 152 |

Согласно табела 4 примената на мерката притвор за 2021 година е против 528 лице. Ако се земе предвид дека во текот на 2021 година обвинителствата постапуваа против вкупно новопријавени 20.975 лица, се заклучува дека за само 2,5 % од сторителите е побарана оваа мерка. Примената на мерката притвор, обвинителството ја користи согласно закон, кога е единствен начин за обезбедување на натамошното непречено одвивање на кривичната постапка. Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека мерката притвор против 172 лица била со времетраење до 30 дена, против 85 лица била со времетраење до 60 дена, против 119 лица била со времетраење до 90 дена и против 152 лица мерката притвор траела над 90 дена.

Графички приказ на табела 4 е следен:




Од табела 4 може да се забележи дека Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 113 лице на кои им бил определен притвор, против 4 лица со куќен притвор, како и против други лица на кои им биле определени други мерки на претпазливост. Така, против 13 лица мерката притвор е определена во отсуство, поради бегство и недостапност на органите на прогонот на осомничените.

Графички приказ на процент на учество на определен притвор на ОЈО за ГОКК во вкупниот број на новопријавени лица за 2021 година би изгледало вака:




Од графичкиот приказ може да се забележи дека вкупниот број на мерка притвор повеќе била застапена од мерката куќен притвор изречена од ОЈО за ГОКК, односно мерката притвор била застапена во вкупниот број на новопријавени лица за 2021 година со над 0,53%.

### *4.5.Примена на мерката притвор во 2022 година*

Примена на мерката притвор во 2022 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е применета против 607 лица. Ако се земе предвид дека во текот на 2022 година обвинителствата постапуваа против вкупно новопријавени 18.928 лица, се заклучува дека ваква мерка е побарана само

за 3,2% од сторителите.[7] Притоа, обвинителството ја предлага мерката притвор целосно согласно закон, кога таа е единствен начин за да се обезбеди натамошното непречено одвивање на кривичната постапка.

**Табела 5. Времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства за 2022 година**

| | Вкупно | 30 дена | 60 дена | 90 дена | Над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 243 | 70 | 99 | 37 | 37 |
| ВЈО Битола | 94 | 54 | 7 | 22 | 11 |
| ВЈО Гостивар | 81 | 43 | 13 | 14 | 11 |
| ВЈО Штип | 37 | 4 | 5 | 19 | 9 |
| ОЈО ГОКК | 152 | 47 | 24 | 29 | 52 |
| Вкупно | 607 | 218 | 148 | 121 | 120 |

Според табела 5, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 152 лица на кои им бил определен притвор. Освен ова, за 9 лица мерката притвор била определена во отсуство, поради бегство и недостапност на органите на прогонот на осомничените. За нив притворот се засметува од денот на нивното лишување од слобода. Поодделно по подрачјата на вишите јавни обвинителства, состојбата со примената на овој вид на мерка е следна:




### *4.6.Примена на мерката притвор во 2023 година*

Приказ на примена на мерката притвор од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и на основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во РСМ за 2023 година.

[7] Под новопријавени се подразбира деца, полнолетни и непознати сторители.

**Табела 6. Времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства за 2023 година**

| | Вкупно | 30 дена | 60 дена | 90 дена | Над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВЈО Скопје** | 265 | 90 | 69 | 47 | 59 |
| **ВЈО Битола** | 69 | 46 | 2 | 14 | 7 |
| **ВЈО Гостивар** | 92 | 56 | 14 | 16 | 6 |
| **ВЈО Штип** | 41 | 8 | 10 | 20 | 3 |
| **ОЈО за ГОКК** | 144 | 30 | 21 | 29 | 64 |
| **Вкупно** | 611 | 230 | 116 | 126 | 139 |

Според табела 6, примена на мерката притвор мерката притвор во 2023 година е применета против 611 лице, истата била применета против 230 лица со времетраење до 30 дена, против 116 лица била со времетраење до 60 дена, против 126 лица била со времетраење до 90 дена и против 139 лица мерката притвор траела над 90 дена. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 114 лице на кои им бил определен притвор. За 33 лица во 2023 година била определена мерка куќен притвор и тоа: ОЈО ГОКК - 14, а на подрачјето на ВЈО Скопје - 13, на ВЈО Битола - 3 и на ВЈО Штип - 3. Статистичките показатели укажуваат дека дури и против лица кои се гонат за тежок организиран криминал и корупција, а кои се во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција притворската мерка не се користи во сите случаи, туку само таму каде користењето на другите видови на мерки не би ја постигнале целта на кривичната постапка.

Поодделно по подрачјата на вишите јавни обвинителства, состојбата со примената на овој вид на мерка е следна:



## 5. Движењето на бројот на мерка притвор поднесени од ОЈО за ГОКК за период 2018-2023 година

Движењето на вкупниот број на мерка притвор од ОЈО за ГОКК за период 2018-2023 година преку табела и графикони може да се претстави на следниот начин:

**Табела 7. Движење на мерката притвор од ОЈО за ГОКК за период 2018-2023 година**[8]

| Година | Притвор |
|---|---|
| 2018 | 101 |
| 2019 | 108 |
| 2020 | 107 |
| 2021 | 113 |
| 2022 | 152 |
| 2023 | 144 |
| **Вкупно** | 725 |

Од табела 7 може да се забележи дека мерката притвор од ОЈО за ГОКК вкупно за истражуваните години била 725. Во 2018 година била изречена во најмал број и тоа 101. Во 2019 година бројот на изречени притвори се зголемил за 7 односно во процент изразено за 6.48% повеќе. Во 2020, 2021 година бележи циклично незначително зголемување, за да во 2022 година го доживее пикот од 152 изречени мерка притвор. Во 2022 година бројот на изречена мерка притвор била за 33,55% повеќе во однос на 2018 година, за да тој број се намали во 2023 година на 144.

Графички приказ на движење на мерка притвор од ОЈО за ГОКК за период 2018-2023 година може да се прикаже на следниот начин:




[8] Додека се пишува трудот во 2025 година за 2024 година нема ажурирани податоци на официјалната страна https://jorm.gov.mk

**Conclusion**

It is worth noting that the research indicated that the public opinion that basic public prosecutors' offices too often propose this strictest measure of ensuring presence is unfounded, as there are valid reasons in accordance with the legal grounds for determining detention. The data shows that even against persons prosecuted for serious organized crime and corruption who are under the jurisdiction of the Basic Public Prosecutor's Office for the Prosecution of Organized Crime and Corruption, this measure is not used in all cases, but only where the use of other types of measures would not achieve the purpose of the criminal procedure. From the above results, it is evident that the number of pre-trial detention measures imposed for the research period 2018-2023 has recorded a cyclical increase over the years, calculated in 2023 compared to 2018. This applies both to the number of detention measures submitted by the Public Prosecutor's Office for GOKK, but also in general. However, it is not the case that it is used very often, although that is the impression given in the media and citizen surveys. The paper also raised dilemmas and questions that legal experts need to address, one of which is why, despite the existence of the option to use house arrest as a substitute for detention, as well as other precautionary measures that can be combined with house arrest, the competent authorities do not use it often enough, even when they have met the legitimate conditions for doing so. Moreover, the public prosecutor proposes the measure of detention, and the court determines it even when the grounds for it provided for in Article 165 of the Criminal Procedure Code do not exist.

**Рецензенти:**
**Проф. Д-р Александра Деаноска Трендафилова**
**Доц. Д-р Арменд Аслани**

**Литература:**

1. Аврамовић, С., (2004), Општа правна историја - стари и средњи век, Номос, Београд.

2. Ангелески, М., Димовски, З., (2019) „*Криминалистичка тактика 1*“, Универзитет „Св.Климент Охридски“, Битола, Факултет за безбедност, Скопје.

3. Acker James R., Brody David C., (2004), Criminal Procedure, A Contemporar Persprective, Jones and Bartlett Publishers, Boston.

4. Арнаудовски, Љ., (2007) „*Криминологија*“, Штип.

5. Арнаудовски, Љ., (2013) „*Криминологија*“, Скопје: „2-ри Август С“, Штип.

6. Бужаровска-Лажетиќ, Гордана, Калајџиев, Гордан, Мисоски, Бобан, Илиќ, Дивна, (2011) Компаративно Казнено процесно право, Агенција за интелектуални услуги АКАДЕМИК ДООЕЛ, Скопје.

7. Бајовић В., „Убрзани поступак“ (2006), Билтен Окружног суда у Београду, бр. 74, Београд, 37.

8. Bošković M., (2007), Kriminologija, Pravni Fakultet-Univerzitet u Novom Sadu.

9. Бужаровска-Лажетиќ, Гордана, (2014) Невоедначената казнена политика и нејзиното влијание врз спогодувањето за кривична санкција според Законот за кривичната постапка, МРКПК год.21, бр.1, Скопје.

10. Бошковић, М., (2011), „*Криминологија*“, Нови Сад.

11. Бурсачевић, М., (2001) „*Основи на криминалистички вештачења*“, Београд.

12. Бошковић, М., (2007), „*Криминологија*“, Правни факултет у Новом Саду.

13. Bayer V., (1968), Zakonik o krivičnom postupku, Uvod - Komentar - Registar, Novinskoizdavački, štampariski i birotehnički zavod, Zagreb.

14. Bayer V., (1980), „Југословенско кривично право, књига I“, Информатор, Zagreb.

15. Bošković, M., (1999) Kriminološki leksikon. Novi Sad: Matica srpska.

16. Bošković, M., Marković, M., (2015) „*Kriminologija sa elementima viktimologije*“ Novi Sad: Pravni fakultet za privredu i pravosuđe.

17. Бошковић, М.; Марковић, М., (2015) *„Криминологија са елементима виктимологије“*, Правни факултет за привреду и правосуђе, Нови Сад.

18. Бошковић, М.; Бановић Б., (2001) Криминалистика методика, ВШУП Земун, Београд.

19. Блажевска, Андоновска, В., (2020) Криминалистички карактеристики на убиства во Република Македонија, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола.

20. Велкова, Т., (2009), „*Вовед во криминологија (авторизирани предавања)“,* Штип.

21. Водинелиќ, В., (1995) „*Криминалистичка тактика 1*“, ЦОКОБ, Скопје.

22. Груевска-Дракулевски, А., (2016) „*Затвор и рецидивизам*“, Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум“, Скопје.

23. Gaines L. K., LeRoy M. R., (2009) „Criminal Justice in Action“, Cengage Learning, Canada.

24. Delmas-M. M., Spencer J. R, (2002), „European Criminal Procedures“, Cambridge univesity press, Cambridge.

25. Emanuel S. L., (2009) „Criminal Procedure“, Wolters Kluwer, New York.